**20080140188**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 од Законот за здравственото осигурување („Сл.весник на РМ" бр. 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06 и 18/07 и 36/07), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 16.01.2008 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА ЗА КОИ ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА МОЖАТ ДА ОСТВАРАТ ПРАВО НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во член 2 на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Сл. весник на РМ" бр.18/04, 76/04, 56/06, 61/06, 41/07, 62/07 и 132/07), во табелата по редниот број 183/2 се додава:

| **Реден број** | | **Назив на помагалото, материјал, резервни делови, потрошен материјал** | **Единечна цена со сите давачки** |
|---|---|---|---|
| | В. | СЛУШНИ ПОМАГАЛА | |
| 183/А | | Батерии за кохлеарен имплант | 60 |
| 183/Б | | Прилучок за кохлеарен имплант | 4.000 |
| 183/В | | Фитинг (репрограмирање и контрола на имплантниот систем) | 400 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-314-7
16 јануари 2008 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Аљбон Џемаили**, с.р.